Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 100/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09.05.2023 година, врз основа на примена жалба од редакција „Фактор“ ја донесе следната:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Веб-порталот „Вистиномер“ со текстот насловен „На 31 март немало оружен грабеж кај Скопјанка“, објавен на 04.04.2023 година, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 5 април 2023 година, редакцијата на веб-порталот „Фактор“ поднесе жалба за текст со наслов „На 31 март немало оружен грабеж кај Скопјанка“, објавен на 04.04.2023 година, на веб-порталот за проверка на факти „Вистиномер“. Во жалбата се наведува дека во предметниот текст е прекршен Кодексот на новинарите, и тоа членовите 1, 2, 5 и 10. Жалителот наведува дека оспорената содржина има неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата се наведува дека со објавата на Вистиномер, а и претходните две, на веб-порталот му се нанесуваат големи финансиски штети, бидејќи нивните објави на Фејсбук добиваат т.н. „црн облак“ односно стануваат многу помалку видливи, што, пак, влијае на бројот на посети, пресудни за финансиското и пазарно работење на „Фактор“.

Жалителот појаснува дека информацијата за оружен грабеж ја добиле од читател кој испратил и фотографија на која јасно биле видливи најмалку две полициски возила, и истиот детално го раскажал настанот. Жалителот тврди дека била пренесена состојбата од терен, со фотографија и сведоштво и дека не било направено ништо тенденциозно или претенциозно, ниту пак со објавената содржина била предизвикана некаква штета. Веста не беше лажна, тврдат од редакцијата на „Фактор“, туку „само нецелосно точна во моментот, врз основа на сведочење од читател“.

Жалителот во жалбата тврди дека иако се јавиле во МВР, со намера да објават нова, целосно точна вест, оттаму им било кажано дека не можат да им дадат точна информација и дека не било време за тоа. Жалителот образложува дека од МВР сè уште не е добиен ниту демант, ниту одговор на објавениот текст.

Во жалбата се вели дека „Вистиномер“ одбрал да ја рецензира токму нивната објавена вест и да ја прогласи за лажна, иако истата не направила никаква штета врз општеството или врз било кого, и била поткрепена со сведочење и со фотографија. Жалителот се спротивставува на објавата на „Вистиномер“ дека станува збор за лажна вест и го покренува прашањето како може текстови да бидат рецензирани од колеги кои работат или соработуваат со конкурентски медиуми.

Жалителот потенцира дека ниту еднаш не објавил лажна вест, за која знаел дека е лажна и дека во случајов станува збор за тенденциозни и неосновани напади, не само врз угледот и честа, туку и врз деловното работење.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со „Вистиномер“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот на „Вистиномер“ во целост се отфрлаат тврдењата во жалбата и се вели дека до „Фактор“ бил испратен одговор на 6 април 2023 година, по приемот на нивната реакција. Оттаму додаваат дека „Вистиномер“ редовно одговара на реакциите кои пристигнуваат како последица од нивните рецензии.

Во одговорот, „Вистиномер“ се осврнува на тврдењето на „Фактор“, дека со објавувањето на содржината не предизвикал никаква штета и се вели дека „дезинформацијата потекната од оваа вест е проширена, односно станала вирална и на порталите и на социјалните мрежи и тоа особено на Фејсбук“. Спречувањето на вирални дезинформации на Фејсбук, според одговорот од „Вистиномер“, е една од најважните обврски на редакцијата како независен проверувач на факти врз основа на склучениот договор со „Мета“, сопственичката компанија на социјалната мрежа Фејсбук.

„Вистиномер“ ги отфрла тврдењата на жалителот за „тенденциозност“ и тврди дека од почетокот на соработката со Мета, сопственикот на социјалната мрежа Фејсбук, од август 2020 година, биле направени 1600-1700 рецензии на содржини споделени на Фејсбук и Инстаграм, а само три директно или индиректно се однесувале на содржини споделени од „Фактор“.

Понатаму, во одговорот, „Вистиномер“ тврди дека не го разбира аргументот на „Фактор“кој објавувањето на дезинформацијата го оправдува со немањето демант од МВР или одговор од МВР, односно, како што се вели, тоа што некој орган или поединец одбива да одговори на новинарско прашање не претставува зелено светло или премолчена дозвола да се објави дезинформација од делокругот на неговата работа или да се оправда објавувањето на таквата дезинформација. Во одговорот, „Вистиномер“ појаснува дека тие не доделуваат „рејтинг“ дека станува збор за корисник/медиум кој е издавач на лажни вести, туку само дека кокретната споделена содржина содржи погрешни информации. Понатаму се тврди дека нејасно е зошто објавената погрешна информација не е поправена, иако, како што се вели во одговорот, „на колегите од Фактор, најискрено и најколегијално им е сугерирано да ја коригираат погрешната информација, по што и Вистиномер ќе направи ревизија на доделениот рејтинг и, ако информацијата е уточнета во споделената и во линкуваната содржина, какви што се барањата на Мета, доделениот рејтинг ќе биде отстранет“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и едногласно одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, ниту повреда на членовите 1, 2, 5 и 10 од Кодексот, на кои упатува жалителот. Комисијата не констатираше дека има неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.
.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 9 мај 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за содржина во која се тврди дека пласираната вест во „Фактор“ за грабежот што наводно се случил кај трговскиот центар Скопјанка, а се темелела врз сведоштво и фотографија од неименуван очевидец, е неточна. Во оспорениот текст се наведуваат сите извори кои понатаму ја пренеле оваа вест на социјалните мрежи, а меѓу нив има и голем број медиуми. Комисијата констатира дека во случајов е обезбедена втората страна, односно од МВР, од каде посочуваат дека не е точно оти кај Скопјанка имало оружен грабеж на посочениот датум, а дополнително се тврди дека дел од медиумите ја избришале објавата, дел ја обновиле првичната верзија, со што дополнително е потврдено дека првичната вест за грабеж кај Скопјанка не била вистинита.

Оттаму, Комисијата констатира дека „Вистиномер“, согласно своите надлежности како сервис за проверка на факти овластен со договорот склучен со Мета, сопственикот на Фејсбук, на сосема легитимен начин извршил проверка на веста првично објавена на веб-порталот „Фактор“ а споделена на Фејсбук и заклучил дека истата е невистинита. Како потврда на ова искористена е официјална изјава од МВР и објави од други медиуми кои првично ја пренеле неточната вест.

Комисијата за жалби не може да утврди дека постои одредена намерна тенденција кога станува збор за објавување неточна вест. Напротив, Комисијата потсетува на членот 1 од Кодексот на новинарите, каде што во членот 1 е наведено дека „проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора“. Понатаму, Комисијата потсетува и на делот од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите во кои се тврди дека „потребата од брзина никогаш не смее да ги загрози точноста, кредибилитетот и професионалноста на прилогот“.

Комисијата за жалби апелира секоја вест која медиумите ја пласираат во етерот, да биде проверена од што е можно повеќе извори и истата да не се базира на фотографии и сведоштва од неименувани извори, бидејќи секое пласирање неточни информации, без

разлика дали се истите пласирани свесно или ненамерно, можат да нанесат ненадоместлива штета за општеството и за граѓаните, а со тоа се придонесува и публиката да ја губи довербата во медиумите.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Тројца од членовите се изземаат од расправата и од гласањето поради можен конфликт на интерес.

Се обврзува „Вистиномер“, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595